# PREVENTION AND DEALING WITH VIOLENCE IN SCHOOLS

**Anka Angelovska**
Elementary School „Toso Arsov"- Stip, Republic of North Macedonia, anka_angelovska@yahoo.com
**Vange Maneva**
Elementary School „Toso Arsov"- Stip, Republic of North Macedonia, vangemancova@gmail.com

**Abstract:** The purpose of this paper "Prevention and Dealing with Violence in Schools" is to identify the fundamental reasons for students' violent behavior, as well as to offer strategies to prevent cases of violence. The research is based on the need for a safe school environment and it observes the risks and the consequences in children's social and emotional development caused by the violence. It also focuses on which ways the school system can react when there is violence, to reduce its impact and to ensure adequate support for all affected parties. The methodology of the research includes quantitative and qualitative methods – surveys and interviews with students, teachers and parents, which help to obtain information about their experiences and opinions on the aspect of violence. The results of the research show that violence is most often caused by a combination of social and individual factors, the most prominent of which are peer pressure, socio-economic difficulties and family circumstances. These factors have a great impact on the occurrence of physical and verbal violence, which can cause long-term consequences for students' health. The results also show that the teachers often have difficulties dealing with violence due to insufficiency of proper training and resources. The conclusions of this research emphasize that a wide-ranging and multidimensional approach to dealing with violence is necessary, which includes all participants in the educational process: students, parents, teachers and professional services. The recommendations include creating educational programs to raise awareness among students, training teachers to recognize the early signs of violence, and forming teams who can immediately intervene in case of an incident. Additionally, strengthened communication and collaboration between all the participants in the school to prevent potential problems is recommended. With all these steps, the schools could become a safer environment where the children can develop and learn without fear and stress.
**Keywords:** violence, prevention, intervention, students, school environment.

# ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА

**Анка Ангеловска**
ООУ „Тошо Арсов"- Штип, Република Северна Македонија, anka_angelovska@yahoo.com
**Ванѓе Манева**
ООУ „Тошо Арсов"- Штип, Република Северна Македонија, vangemancova@gmail.com

**Резиме:** Трудот „ Превенција и справување со насилство во училиштата" има за цел да ги идентификува основните причини за насилно однесување кај учениците и да предложи мерки за спречување и интервенирање во случаи на насилство. Истражувањето се заснова на потребата за безбедна училишна средина и ги разгледува ризиците и последиците од насилството за социо-емоционалниот развој на децата. Во фокусот се и начините на кои училишниот систем може да реагира на насилство, со цел да го намали неговото влијание и да обезбеди соодветна поддршка на сите засегнати страни. Методологијата на истражувањето вклучува квантитативни и квалитативни методи – анкети и интервјуа со ученици, наставници и родители, преку кои се прибираат податоци за нивните искуства и ставови за појавата на насилство. Резултатите од истражувањето покажуваат дека насилството најчесто е предизвикано од комбинација на социјални и индивидуални фактори, меѓу кои најистакнати се притисокот од врсниците, социо-економските потешкотии и семејните околности. Овие фактори имаат големо влијание врз појавата на физичко и вербално насилство, кое пак остава трајни последици врз учениците. Исто така, резултатите покажуваат дека наставниците често се соочуваат со тешкотии во справувањето со насилството, поради недостиг од соодветна обука и ресурси. Заклучоците од трудот нагласуваат дека е неопходен сеопфатен и мултидимензионален пристап кон справувањето со насилството, кој ги вклучува сите учесници во образовниот процес: учениците, родителите, наставниците и стручните служби. Препораките вклучуваат креирање на образовни програми за подигнување на свеста кај учениците, обука на наставниците за рано препознавање на знаци на насилство и формирање на тимови за брза интервенција кои би дејствувале при инциденти. Дополнително, се препорачува зајакнување на комуникацијата и соработката меѓу сите

учесници во училиштето, со цел навремено спречување на потенцијални проблеми. Со овие чекори, училиштата би можеле да се трансформираат во побезбедни средини каде што децата ќе можат да се развиваат и учат без страв и стрес.

**Клучни зборови**: Насилство, превенција, интервенција, ученици, училишна средина.

**1. ВОВЕД**

Насилството во училиштата претставува сериозен и комплексен проблем кој влијае врз социо-емоционалниот развој на учениците и општата училишна клима. Во последните децении, насилството стана глобален предизвик со кој се соочуваат многу образовни системи, создавајќи потреба за ефективни стратегии за превенција и интервенција. Во училишните средини, насилството може да се манифестира преку различни форми, како физичко, вербално, па дури и електронско насилство (кибер-насилство), кое има растечки тренд со ширењето на дигиталните технологии. Овие форми на насилство не само што предизвикуваат директна штета врз учениците, туку и создаваат несигурна и нестабилна средина, што може значително да го попречи образовниот процес. Главната цел на овој труд е да ги истражи факторите кои придонесуваат за појава на насилство во училиштата и да предложи соодветни мерки за негово спречување и третирање. Фокусот е ставен на утврдување на специфичните услови и околности во кои се зголемува веројатноста за појава на насилство, како и на анализа на ефективноста на постојните интервенции и програми за превенција. Преку ова истражување, се настојува да се добијат сознанија за улогата на наставниците, родителите и учениците во справувањето со насилството, како и за важноста на нивната соработка во создавање безбедна училишна средина. Оваа тема е особено значајна поради потенцијалното влијание на училишното насилство врз психолошката состојба на учениците и нивните постигнувања. Ефективните стратегии за превенција и интервенција можат да придонесат кон намалување на инцидентите на насилство и да промовираат позитивна училишна култура во која се почитуваат индивидуалните разлики. Со воспоставување на систематски и одржлив пристап кон ова прашање, училиштата можат да обезбедат средина која поттикнува личен и образовен развој, при што децата ќе се чувствуваат сигурни и заштитени.

**2. ПОИМ И ФОРМИ НА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО**

Насилството меѓу врсници познато е и под терминот булинг (bullying) или во превод злоупотреба, силеџиство, малтретирање. За врсничко насилство станува збор кога:

- се манифестираат негативни (агресивни), намерни постапки меѓу децата или кога едно или група на деца постојано вознемируваат, напаѓаат или повредуваат друго дете кое не може да се одбрани;
- тоа се долготрајни и повтороливи негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност и штета, со намера другиот да се заплаши или повреди;
- има асиметричен однос на силите, агресија на посилниот кон послабиот, кога детето изложено на насилство се брани со тешкотии или покажува беспомошност.

Насилството најчесто се јавува во два основни облика: физичко и вербално насилство.

- Физичко насилство е највоочлив облик и подразбира удирање, клоцање,туркање, штипење, кубењена коса, удирање на шамар и сл.;
- Вербалното насилство најчесто го следи физичкото и подразбира навредување, ширење на гласини, исмевање, постојано задевање.

Во наведените основни облици на насилство се издвојуваат четири подгрупи:

- Емоционално насилство е пропратен дел на основните два вида насилство и подразбира намерно исклучување на детето од заеднички активности во одделението или групата, игнорирање, упатување на навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување на психичка болка како последица на другите видови насилство;
- Сексуално насилство подразбира несакан физички контакт (допирање и удирање по интимни делови, прикажување на порнографска содржина, сексуален акт, насилно соблекување и сл.) и навредливи коментари со сексуална содржина;
- Културално насилство подразбира навреди на национална, етничка или расна основа;
- Економско насилство вклучува кражба и изнудување на пари и други вредни предмети.

Може да постојат повеќе фактори за појава на насилно однесување на детето кои се преплетуваат меѓусебе. Одредени белези/карактеристики на семејството, индивидуалните особини на детето или училиштето може да поттикнат или да спречат појава на насилно однесување кај децата. Други фактори кои влијаат се медиуми, интернет, врсничката група и пошироката социјална средина.

## 3. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во истражувањето „Превенција и интервенција при насилство во основните училишта“ беа применети квантитативни и квалитативни методи за прибирање и анализа на податоци, со цел да се овозможи сеопфатен преглед на појавата на насилство и можните стратегии за негово спречување и интервенција. Истражувањето беше спроведено во две основни училишта во урбана средини во текот на учебната 2024/2025 година, со цел да се обезбеди репрезентативен примерок.

✓ Учесници

Во истражувањето беа вклучени:

- Ученици (вкупно 200) на возраст од 7 до 14 години, избрани по случаен примерок од различни одделенија.
- Наставници (вкупно 40) кои работат со ученици во сите основни одделенија и имаат искуство со случаи на насилство.
- Родители (вкупно 50) кои беа подготвени да дадат податоци за своите деца и училишните искуства.

✓ Методи на прибирање податоци

За собирање на податоци беа користени следните методи:

- Анкети за учениците: Анкетите содржеа 25 прашања, од кои 15 затворени (со скала на фреквенција и интензитет на насилството) и 10 отворени прашања каде што учениците можеа да ги споделат своите искуства и ставови за насилството. Анкетите беа анонимни и беа спроведени во присуство на училишниот персонал за да се обезбеди поддршка и доверба.
- Анкети за наставници и родители: Овие анкети имаа 20 прашања, комбинирајќи затворени прашања со можност за скалирање на ставовите за ефективноста на постојните мерки и отворени прашања за дополнителни предлози за справување со насилство. Секој наставник и родител беше информиран за целите на истражувањето и се согласи на учество.
- **Полуструктурирани интервјуа:** Со цел подетално да се испитаат ставовите на наставниците, беа спроведени 10 интервјуа, секое во времетраење од 30 до 45 минути. Интервјуата се одржаа во училишните простории.
- Постојни политики и програми: За добивање на поширока перспектива, беа собрани и анализирани податоци од постојните училишни документи и политики за безбедност. Ова вклучуваше преглед на програмите за превенција на насилство, протоколите за реагирање на инциденти и улогата на наставниците и училишниот персонал.

✓ Обработка на податоци

Квантитативните податоци од анкетите беа анализирани, што овозможи утврдување на фреквенцијата и корелациите меѓу факторите на насилство. Тематската анализа беше применета за квалитативните податоци од интервјуата, што овозможи идентификација на доминантни теми и предизвици.

✓ Етички стандарди

Истражувањето беше спроведено според етичките стандарди, со целосно согласност од сите учесници, вклучувајќи и родителска дозвола за учениците. Сите податоци се обработени со високо ниво на доверливост и анонимност, а учесниците имаа право да се повлечат во секое време.

## 4. РЕЗУЛТАТИ

Резултатите покажаа значајни наоди за природата и фреквенцијата на насилството во училишните средини, како и за ефективноста на постојните стратегии за справување со оваа појава. Истите се претставени концизно со клучни информации, заедно со табели за подобра визуелизација. Истражувањето покажа дека насилството во основните училишта е распространето и варира во своите форми.

Вербалното насилство беше најзастапено (пријавено од 47% од учениците), додека физичкото насилство го пријавиле 33% од учениците. Емоционалното насилство го доживеале 15% од учениците, а кибер-насилството беше најретко, со 5% од учениците кои пријавиле ваков облик на насилство.\

**Табела 1: Распространетост на различни форми на насилство меѓу учениците**

| Тип на насилство | Процент (%) од ученици кои пријавиле |
|---|---|
| Вербално насилство | 47 % |
| Физичко насилство | 33 % |
| Емоционално насилство | 15 % |
| Кибер-насилство | 5 % |

Наставниците ги истакнале најголемите предизвици при справувањето со насилни инциденти. Речиси 69% од наставниците сметале дека немале доволна обука за ефективно справување со насилството, додека 63% посочиле недостаток на ресурси за спроведување на интервенции. Недостатокот на јасни протоколи за постапување во случаи на насилство го споменале 58% од наставниците, а 45% ја истакнале потреба од дополнителна поддршка од стручни лица. Повеќе од половината наставници сметале дека недоволната обука и недостигот на ресурси се најголемите пречки во справувањето со насилство.

**Табела 2: Предизвици на наставниците при справување со насилство**

| Предизвик | Процент (%) од наставници кои се согласуваат |
|---|---|
| Недоволна обука за справување со насилство | 69% |
| Недостаток на ресурси | 63% |
| Потреба од јасни протоколи за интервенција | 58% |
| Потреба од поддршка од стручни лица | 45% |

Родителите го посочиле недостатокот на превентивни активности и ја изразиле потребата од засилена поддршка и координација меѓу родителите и наставниците.

**Табела 3: Ставови на родителите за улогата на училиштата во превенција на насилство**

| Изјава | Процент (%) од родители кои се согласуваат |
|---|---|
| Училиштето нема доволно превентивни активности | 56% |
| Потребна е поддршка од (психолог, педагог) | 42% |
| Превентивните мерки во училиштето се задоволителни | 18% |
| Потребно е подобрување на комуникацијата меѓу родителите и наставниците | 67% |

Учениците го идентификувале притисокот од врсниците и семејните проблеми како најчест фактор кој води до насилство.

**Табела 4: Фактори кои влијаат на појава на насилство според учениците**

| Фактор | Процент (%) од учениците кои го спомнале |
|---|---|
| Притисок од врсниците | 40 % |
| Проблеми во семејството | 35% |
| Ниска самодоверба | 30% |
| Социо-економски тешкотии | 25% |

Од темата на интервјуата со наставниците произлезе дека дека колективната поддршка и соработката со родителите се клучни фактори во спречувањето на насилството. Сепак, тие изјавиле дека често недостасува координација и јасни протоколи за постапување. Дополнително, анализата на постојните политики во училиштата покажа дека, иако постојат одредени превентивни мерки, тие најчесто се ограничени на основни правила и немаат долгорочни стратегии или редовни програми за едукација на учениците за управување со конфликти.

## 5. ДИСКУСИЈА

Дискусијата од ова истражување ги разгледува добиените резултати и нивното значење за разбирање на насилството во основните училишта и можностите за превенција и интервенција. Резултатите укажуваат дека насилството е распространет проблем, при што вербалното насилство е најзастапено, додека кибер-насилството е сè уште најретко, но со потенцијал за раст поради сè поголемата улога на технологијата во секојдневниот живот на учениците. Ова укажува на потребата од фокусирање на програми за превенција кои ќе го таргетираат вербалното и емоционалното насилство, но и на превенција од кибер-насилство преку дигитална писменост и едукација за онлајн однесување. Наставниците во истражувањето изразија загриженост за недостатокот на ресурси, јасни протоколи и обуки, што укажува на структурни предизвици во справувањето со насилството. Овие наоди истакнуваат дека е неопходно училиштата да инвестираат во континуирани обуки за наставниците, кои ќе ги оспособат не само да ги идентификуваат различните форми на насилство, туку и да применат ефикасни стратегии за интервенција. Недостатокот на стручна поддршка од психолози и педагози е дополнителен проблем, што ја нагласува потребата од мултидисциплинарен пристап кој вклучува професионалци за психо-социјална поддршка. Родителите исто така играат значајна улога во процесот на превенција. Големиот дел од родителите кои изразија потреба од подобра соработка со училиштето покажува дека е неопходно да се развијат стратегии за комуникација и вклучување на

родителите во училишните активности. На пример, родителските работилници и семинари може да им помогнат да препознаат знаци на насилство кај своите деца и да соработуваат со училиштето во справувањето со овие предизвици. Факторите што учениците ги посочија како главни причини за насилството – врсничкиот притисок, семејните проблеми и ниската самодоверба – го потврдуваат сложениот карактер на овој проблем, кој не може да се реши само преку едноставни дисциплински мерки. Ова укажува на потребата од програми за развој на социјални и емоционални вештини, кои ќе им помогнат на учениците да се справуваат со врсничкиот притисок и да градат позитивни односи, како и да се обезбедат дополнителни програми за поддршка на учениците од семејства со предизвици.

**6. ЗАКЛУЧОК**

Насилството во основните училишта претставува значаен проблем кој бара систематски и мултидисциплинарен пристап за ефикасна превенција и интервенција. Анализата на податоци ја истакнуваат потребата за развој на програми за едукација и подигање на свеста кај учениците за сите форми на насилство, вклучително и дигиталните. Училиштата треба да инвестираат во обезбедување дополнителна поддршка и обуки за наставниците. Ова би овозможило навремено и ефективно препознавање и справување со насилството во училишната средина. Дополнително, родителите играат важна улога и нивната вклученост и соработка со училиштето се неопходни за градење на здрава училишна клима. Резултатите исто така укажуваат дека потребата за вклучување на стручни лица – психолози и педагози – е голема, за да се овозможи континуирана психо-социјална поддршка за учениците и наставниците. Социјалните и емоционалните фактори, како што се врсничкиот притисок и семејните проблеми, покажаа дека насилството има комплексна позадина и бара холистички пристап во решавањето. Програми за развој на социјални и емоционални вештини кај учениците можат да помогнат во градење на позитивни односи и да ги поддржат учениците во справувањето со конфликти на конструктивен начин. За справување со насилството во основните училишта е потребен систематски и координиран пристап меѓу училиштето, семејствата и заедницата. Ваквиот пристап би овозможил создавање на побезбедна и поддржувачка училишна средина, што е од клучно значење за социо-емоционалниот развој на учениците и нивното образовно и лично напредување.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

**Bilić, V.** (2018). *Nove perspektive, izazovi i pristupi nasilju među vršnjacima*. Zagreb: Obrazovni izazovi i Učiteljski fakultet.

Cohen, J. (2019). *Strategies for encouraging prosocial behavior in the classroom.* In J. E. Durlak, C. E. Domitrovich, R. P. Weissberg, & T. P. Gullotta (Eds.), Handbook of Social and Emotional Learning: Research and Practice (pp. 409-424). The Guilford Press

Cohen, L., Manion, L., & Morison, K. (2007). *Research Methods in Education.* Routledge.

Johnson, D. W., & Johnson, R. T. (2019). *Social interdependence: Interpersonal and intergroup perspectives*. Annual Review of Psychology, 70(4), 259-283.

Popadić, D., Plut, D., & Pavlović, Z. (2009). *Nasilje u školama*. Beograd: Institut za psihologiju.

Бошкоска, М. (2021). *Прирачник за превенција на насилство меѓу врсници*. Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор". Превземено од https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/priracnici/priracnik_za_prevencija_na_nasilstvoto_vo_uchilishtata-mk.pdf

Јовановска, Ј., & Јовановска, М. (2014). *Комуникациските способности како фактор во развојот на социјалните односи меѓу учениците*. Педагошка мисла, 41(4), 339-352.

Министерство за образование и наука. (2023). *Програма за советување на ученици во основни училишта и нивните родители/старатели*. Република Северна Македонија. Превземено од https://mon.gov.mk/stored/document/Programa%20za%20sovetuvanje%20na%20ucenici%20i%20roditeli-stårateli.pdf

Петровић, Н. (2018). *Конфликтолошке компетенције и образовни процес.* Београд: Центар за образовне политике.

Прва детска амбасада во светот „Меѓаши". (2020). *Компаративна анализа Мировно образование 2011-2019*.